Уп. бр. 08-72

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД со регистрирано седиште на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија доставено преку Елена Димова-Иваноска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 05.05.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД со регистрирано седиште на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија ќе се стекне со директна единствена контрола над над НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД, Република Србија со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин 44, 11070, Нов Белград, Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 04.04.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД со регистрирано седиште на Индустријска 3б, Нови Сад, Србија, со кое М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД ќе се стекне со директна единствена контрола над над НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД, Република Србија со регистрирано седиште на Булевар Маршал Толбухин 44, 11070, Нов Белград, Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД** има регистрирана дејност консултантски услуги во врска со работењето и другите начини на управување. Основната дејност на М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД се состои од: давање на услуги, односно развој на производи, имплементација, технолошки услуги, консултантски услуги и услуги за обезбедување поддршка (софтверски решенија, дигитални трансформации и ИТ консалтинг).

М&И СИСТЕМС, КО ДОО НОВИ САД е во сопственост на Сејфор, а.с. (*Seyfor, a.s.*), друштво основано во согласност со законите на Чешка. Сејфор а.с. го има следното поврзано друштво во Република Северна Македонија:

-Друштво за услуги КВАНТОКС ТЕХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7400292, адреса на Св. Кирил и Методиј Бр.3, Скопје - Центар, Република Северна Македонија и регистрирана дејност - Компјутерско програмирање ("Квантокс Технолоџи").

Поконкретно, Квантокс Технолоџи врши развој, аутсорсинг и аутсорсинг на деловни процеси, индивидуализиран софтверски развој, оптимизација на транспорт и fintech софтвер.

М&И системс нема директно регистрирано поврзано друштво во Северна Македонија, но обезбедува онлајн прекугранични услуги на клиентите во Северна Македонија.

-**НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД** е друштво со ограничена одговорност од Белград чија деловна активност е компјутерско програмирање. Нивните услуги вклучуваат дизајнирање на нови архитектури на информациски системи, имплементација на омни-канални стратегии, автоматизација на процесите и интегрирање на нови решенија со постојните системи. НПС е дел од Новентик (*Noventiq*)[1] водечки провајдер на решенија и услуги за дигитална трансформација и сајбер безбедност за пазарите во развој.

НПС ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СОВЕТУВАЊЕ И УСЛУГИ ВО ИНФОРМАТИКАТА ДОО, БЕЛГРАД во Република Северна Македонија остварува приход така што нуди ИТ услуги и решенија, меѓутоа нема присуство во форма на регистрирано поврзано друштво“

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или

---

1 НПС е во мнозинска сопственост на САГА кој пак е во сопственост на Новентик.

нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**